Врз основа на член 103, став (1), алинеја 8 и член 181 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 54/2024), и член 332 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа на 291. седница, одржана на 17.5.2024 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
## за давање согласност за ангажирање стручњак од практиката

**Член 1**

На Филозофскиот факултет во Скопје му се дава согласност за ангажирање на стручњак од практиката:

- **проф. д-р Александра Папазовска,** дипломиран историчар, НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија, да изведува настава како стручњак од практиката за наставниот предмет: Праисториска археологија 2.

**Член 2**

Лицето од член 1 од оваа одлука, по покана од Наставно-научниот совет, како афирмиран стручњак од практиката, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со закон и актите на Универзитетот за избор во звање, може како специјалист и експерт да изведува настава за одделни делови од наставниот предмет.

Лицето од став 1 може да се ангажира во летниот семестар во академската 2023/2024 година и може да престојуваа најмногу еден семестар во учебната година.

Лицето од став 1 на овој член не може да врши оценување на студентите.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Биљана Ангелова, с.р.**

Врз основа на член 208, став 1, точка 19 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 9, став 1, алинеја 6 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/ 2020 година), Ректорската управа, на 291. седница одржана на 17.5.2024 година, го донесе следниов

## П Р А В И Л Н И К
## за уплата и распределба на школарината за студирање на третиот циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Општа одредба**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат уплатата и распределбата на школарината за студирање на третиот циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

**Утврдување на школарината за студирање**

**Член 2**

(1) Школарината за студирање на третиот циклус академски студии – докторски студии, како и начинот и роковите на уплата се утврдуваат со Конкурсот за запишување студенти на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот (во натамошниот текст: докторски студии).

(2) Школарината, на предлог на советот на студиската програма, се утврдува од страна на наставно-научниот, односно научниот совет на единицата.

(3) Школарината се искажува во евра, а се плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија што важи на денот на уплатата.

**Член 3**

(1) Во школарината не се вклучени материјалните трошоци за истражувањето на темата, мобилноста и другите трошоци согласно со договорот за студирање.

(2) Единицата организатор на студиската програма може да утврди дополнителни износи за истражувањето на кандидатите, во зависност од научната област, и тие се објавуваат на веб-страницата на единицата и на веб-страницата на Универзитетот.

**Уплата на школарината**

**Член 4**

(1) Студентот ја плаќа школарина во зависност од бројот на ЕКТС-кредити што ги запишува во семестарот.

(2) При упис во прв семестар, студентот го плаќа целиот износ наменет за Школата за докторски студии, утврден со овој правилник и соодветен износ за запишување на 30 ЕКТС-кредити.

(3) Единицата организатор на истражувањето ја определува вредноста на 1 ЕКТС-кредит.

**Член 5**

(1) Делот од школарината наменет за Школата за докторски студии, студентите запишани на докторски студии го уплаќаат на сметката на Универзитетот.

2) Студентите кои преминуваат од една на друга студиска програма на Универзитетот, повторно не го плаќаат износот од ставот 1 на овој член.

**Член 6**

На студентите запишани на докторски студии на кои, поради завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, им се признаваат 60 кредити од организирана академска обука и предавања и друг вид комуникациски активности, им се намалува школарината за висината на средствата за 46 ЕКТС, и тоа за:

- организирана академска обука (2 задолжителни предмета Х 3 ЕКТС + 6 изборни предмети Х 6 ЕКТС) = 42 ЕКТС;
- предавања и друг вид на комуникациски активности (прва годишна конференција Х 4 ЕКТС).

**Член 7**

(1) На студентите кои не успеале да ги завршат студиите во законскиот рок и кои повторно се запишуваат на истата или на друга студиска програка, им се наплаќа школарината предвидена за студиската програма, намалена за износот на вредноста на кредитите кои им се признаваат.

**Распределба на школарината**

**Член 8**

(2) (1) Школарината се распределува за:

| | Распределба во % |
|---|---|
| 1. Школа за докторски студии | 7 % |
| 2. Ментор и коментор | до 34 % |
| 3. Комисија за оцена на предлог-докторски проект за изработка на докторскиот труд | до 6 % |
| 4. Комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд | до 13 % |
| 5. Организирана академска обука и предавања и друг вид комуникациски активности | до 20 % |
| 6. Единицата организатор на истражувањето | остатокот до 100 % |

(2) Единицата организатор на студиската програма од износот од став (1), точка 5 од овој член, ги исплаќа членовите на советот на студиската програма кои се членови на комисиите за реализација на семинарите и на комисиите за годишната конференција. На секој член му се исплатува по 15 евра од кандидат за секој семинар, односно годишна конференција.

(3) Единицата организатор на истражувањето го распределува износот од став (1), точка 6 од овој член за: раководење на студиската програма, материјални трошоци, стручната служба, тековни трошоци и др.

**Член 9**

Од износот на делот од школарината наменет за Школата за докторски студии се врши исплата на надоместок на членовите на комисиите од редот на Стручниот совет за докторски студии кои учествуваат во годишните конференции – по 15 евра од кандидат за одржана годишна конференција, работа на Стручниот совет за докторски студии, материјални трошоци, изработка на дипломи, Централната стручна и административна служба и др.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 10**

Распределбата на школарината по овој правилник ќе се врши по Конкурсот за запишување студенти на трет циклус – докторски студии во учебната 2024/2025 година.

Распределбата на школарината од студентите запишани заклучно со Конкурсот за запишување студенти на трет циклус – докторски студии во учебната 2023/2024 година ќе се врши согласно со Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013) година.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Биљана Ангелова, с.р.**

Врз основа на член 103, став 1, точка 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 6 од Правилникот за распределба на средствата за информативни, културни, спортски, студентски сервиси и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 580/2021), Ректорската управа, на 291. седница одржана на 17.5.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на извештај**

1. Се усвојува ***Извештајот на Машинскиот факултет во Скопје, за реализација на доделените средства за проектот „Формула Студент“***, согласно со распишаниот Интерен конкурс за културни и спортски активности и други манифестации на Универзитетот, во рамките на ИКСССА.
2. Со Одлука бр. 02-670/21-13 од 20.6.2023 година:
доделени се средства во износ од 250.000,00 денари;
реализирани се средства во износ од 250.000,00 денари.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Биљана Ангелова, с.р.**

Врз основа на член 103, став 1, точка 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 6 од Правилникот за распределба на средствата за информативни, културни, спортски, студентски сервиси и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 580/2021), Ректорската управа, на 291. седница одржана на 17.5.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на извештај**

1. Се усвојува ***Извештајот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, за реализација на доделените средства за проектот „Европски фармацевтски летен семинар“***, согласно со распишаниот Интерен конкурс за културни и спортски активности и други манифестации на Универзитетот, во рамките на ИКСССА.
2. Со Одлука бр. 02-670/21-12 од 20.6.2023 година:
доделени се средства во износ од 240.000,00 денари;
реализирани се средства во износ од 281.253,00 денари.

Повеќе реализираните средства во износ од 41.253,00 денари, корисникот е должен да ги обезбеди од сопствени приходи.